# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2023

**Фондација Отворено општество - Македонија**

www.fosm.mk

+389 2 2444 488

Ул. Чедомир Миндеровиќ бр. 31, 1000 Скопје

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# СОДРЖИНА

Вовед ____ 3
Интеграција во ЕУ и регионална соработка ____ 4
Праведна зелена транзиција ____ 9
Дигитална трансформација ____ 13
Пристап до правда за најмаргинализираните ____ 15

# ВОВЕД

Во 2023 година Фондацијата Отворено општество - Македонија (ФООМ) стана дел од Фондациите Отворено општество - Западен Балкан (ФОО-ЗБ), заедно со фондациите отворено општество во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Србија. ФОО-ЗБ ја идентификува регионалната соработка како клучна стратешка цел за поттикнување идеи за демократски и одржлив економски развој и регионална геополитичка стабилност.

Примарната цел на ФОО-ЗБ е да го зголеми економскиот просперитет и демократското учество на Западен Балкан преку идентификување, поддршка и создавање регионални демократски меѓувладини партнерства и други структури за соработка. Притоа, целта е насочена кон дополнително јакнење на ФОО-ЗБ и нивно поставување како застапник на јавна демократска дебата и промотор на вредностите на отвореното општество. За да ги постигне стратешките цели, ФООМ заедно со другите фондации работеше на спроведување на три приоритети:

1) **Интеграција во ЕУ и регионална соработка.** Целта на овој приоритет е да се зајакне активното учество на креаторите на политиките во Западен Балкан, бизнисите и граѓанското општество во политиките и политичките процеси на Европската Унија (ЕУ), со што ќе се намали јазот во соработката и усогласувањето на политиките.

2) **Праведна зелена транзиција.** Овој приоритет е насочен кон соработка со владите и бизнисите за да се формира заедничка позиција за енергетската транзиција и портфолио на инвестиции во регионални зелени индустриски развојни проекти со висок квалитет. Овој приоритет е тесно поврзан со првиот со оглед на тоа дека промовира партнерство за регионална соработка и унапредување на процесот на пристапување во ЕУ, со цел воспоставување на заедничко лидерство во развојните рамки како што се Планот за раст на ЕУ за ЗБ, Инвестициската рамка за Западен Балкан (WBIF) и Системот за трговија со јаглеродни емисии на ЕУ.

3) **Дигитална трансформација.** Целта на овој приоритет е преку промени во политиките, како и поддршка на јавни и приватни иновации да се придонесе кон приклучување на регионот на единствениот дигитален пазар на ЕУ.

Вкупниот износ на средства потрошени за спроведување на активностите на ФООМ заклучно со 31 декември 2023 година .419.385 долари (80.229.245 денари), од кои 1.328.543 долари (75.036.941 денари) потекнуваат од Фондациите Отворено општество, а 90.842 долари (5.192.304 денари) од други донатори

# ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ И РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА

За да придонесе кон унапредување на интеграцијата кон ЕУ и регионалната соработка ФООМ во рамки на програмата за работа на ФОО-ЗБ во 2023 година поддржа граѓански организации и тинк-тенкови кои работат на  Европска интеграција и регионална соработка.

Во 2023 година, за прв пат од 2014 година кога е инициран Берлинскиот процес, домаќин-претседател на Лидерскиот Самит беше држава од Западен Балкан, односно Албанија. Албанската влада даде поддршка на Фондациите Отворено општество од Западен Балкан, во соработка со Грчката Фондација за европска и надворешна политика ЕЛИАМЕП од Грција и Институтот за развој и соработка од Албанија, да го организираат Форумот на граѓански организации и тинк-тенкови во рамки на Берлинскиот процес.  Форумот на граѓански организации и тинк-тенкови Тирана 2023 беше консултативен процес во кој учествуваа претставници на граѓански организации, истражувачи и експерти од Западен Балкан, со цел да дискутираат прашања од регионален интерес, да споделат добри практики и да подготват препораки за јавни политики кои ќе ги презентираат пред носители на одлуки од Западен Балкан и Европа, во рамки на Берлинскиот процес.

Форумот придонесе за унапредување на регионалната соработка помеѓу ГОи, институциите и процесите на донесување одлуки, застапување за реформи поврзани со ЕУ и процесот на пристапување на земјите од Западен Балкан. Воедно, беше креирана платформа која ги обединува луѓето од ЕУ, граѓанското општество, Владите и други актери од регионот и пошироко кои влијаат на агендата на политиките на Западен Балкан. Дополнително, ја покажа нашата способност за здружување на клучните играчи за унапредување на важни политики и регионални прашања. Една од клучните активности во рамки на овогодинешниот Форум беше организирање на тематски консултации во седум области.  Секоја консултација беше поддржана од Фондацијата од каде што потекнува граѓанската организација која ја водеше тематската консултација.

Институт за европска политика (ЕПИ) во 2023 година ги спроведе активностите од проектот „Заложби на граѓанските организации и тинк-тенкови за економска

интеграција на Западен Балкан во ЕУ“ во рамки на активностите поврзани со Форумот на граѓански организации и тинк-тенкови Тирана 2023. Проектот имаше за цел: Зајакнување на дијалогот помеѓу граѓанското општество од Западен Балкан, владите од регионот и меѓународните институции кои се дел од Берлинскиот процес; Зголемување на влијанието на граѓанското општество врз економските политики и политики на трговија во рамки на односите помеѓу ЕУ- Западен Балкан; Зголемување на знаењето и разбирањето на граѓанските организации, тинк-тенкови, експертската јавност и граѓаните за можностите и предизвиците од подлабока економска соработка и интеграција на Западен Балкан во ЕУ. Во рамки на проектот беше формирана регионална тематска работна група за пристап до единствениот европски пазар и се спроведоа тематски консултативни состаноци за подготовка на препораки за продлабочување на економската интеграција. Подготвените и дистрибуирани документи за јавни политики, послужија како основа за работата на тематската работна група за пристап до единствениот европски пазар и дискусијата во рамки на Форумот за граѓанско општество 2023. ЕПИ организираше јавен настан со цел запознавање на пошироката јавност со исходот од консултациите во рамки на тематската работна група и прилагодување на препораките врз основа на добиениот јавен фидбек. Понатаму, беше подготвен труд врз основа на информации од три регионални виртуелни консултативни настани, како и од еден хибриден јавен настан на тематската работна група „Пристап до европскиот единствен пазар“, организирани од јуни до септември 2023. Во тематската работна група предводена од Институтот за европска политика се собраа над 40 експерти од граѓанското општество, академската заедница, приватниот сектор и државната администрација од шесторката од Западен Балкан и од земји-членки на ЕУ.

Институтот за добро владеење и политики во животната средина го спроведе проектот **„Форум на граѓански организации за зелена и климатска агенда“** во рамки на активностите поврзани со Форумот на граѓански организации и тинк-тенкови Тирана 2023. Проектот се фокусира на 1) Унапредување на посветеноста на граѓанските организации кон регионалната соработка во Западен Балкан и нивен придонес кон процесот на пристапување кон ЕУ во делот поврзан со климатски промени и зелена агенда; 2) Создавање на платформа за граѓански организации и тинк-тенкови, во рамки на Берлинскиот процес преку која заеднички ќе можат да ги артикулираат своите ставови и заложби, со цел влијание на јавните политики за одржлив развој и зелена

транзиција во Западен Балкан. Институтот спроведе подготвителен прашалник за оценување на состојбите во земјите од Западен Балкан и спроведе воведни тематски анализи за зелени инфраструктурни инвестиции, управување со зелени инфраструктурни инвестиции и заштита на биодиверзитет и природни ресурси при планирање на зелени инфраструктурни инвестиции. Беа одржани три онлајн регионални консултации, за секоја од трите под-теми, со претставници од граѓанското општество и стручни лица. Во рамки на Форумот се одржа јавен настан со претставници на граѓанското општество од регионот, академска заедница, донатори, претставници на локална и централна власт од Западен Балкан. На настанот беа дискутирани наодите од документот за јавни политики во кој се претставени препораките и заложбите на граѓанското општество и останатите засегнати страни за секторската политика за климатски промени и зелена агенда.

Преку проектот **„Градење на експертска мрежа на ОБСЕ“** спроведен од страна на Здружение на граѓани за истражување на меѓународните односи и европските прашања „Институт Преспа“ ФООМ придонесе кон воспоставување на експертска мрежа на ОБСЕ која ќе стане официјална платформа за консултации, дијалог и размена за трите димензии на ОБСЕ. Во рамки на проектот се интензивираше комуникацијата помеѓу 25 земји-членки на ОБСЕ и беа идентификувани 17 институти-учесници, како и клучни учесници кои споделија трендови и учествуваа во развивањето на сценарија за соработка. Институт Преспа на 13 и 14 ноември организираше настан за експертската мрежа помеѓу дипломати и креатори на политики со истражувачи и претставници на тинк-тенк заедницата. Во рамки на проектот беше изготвен документ со трендовите и сценаријата за безбедносна соработка во Европа, како и документ за програмските аспекти и организациската структура на мрежата.

Во 2023 година беше обезбедена поддршка за Финанце Тхинк - Институт за економско истражување и политики, кој во партнерство со 4 членки на Webecon мрежата (ACIT - Albanian Centre for Competitiveness and International Trade; Centre for Development Evaluation and Social Science Research (CREDI) Bosnia and Herzegovina; Center for Advanced Economic Studies, Serbia and Institute for Strategic Studies and Prognoses Montenegro) започна да го спроведува проектот „**Земјите од Западен Балкан во контекст на стратегијата за проширување на ЕУ“.** Главна цел на проектот е да се подобри транспарентноста и да се генерираат докази за државната помош поврзана со

странските директни инвестиции (СДИ) во контекст на регионалната интеграција на земјите од Западен Балкан. Проектот ќе продолжи со имплементација во 2024 година и ќе придонесе кон подобрено разбирање на програмите за државна помош во шест земји од Западен Балкан. Ова вклучува сеопфатен преглед на постоечките програми, нивните клучни мерки и како тие се структурирани. Со испитување на нивните сличности и разлики, засегнатите страни ќе имаат јасно разбирање за начините на кои политиките за државна помош ја подобруваат или и наштетуваат на регионалната интеграција.

Во контекст на зајакнувањето на економската и социјалната интеграција на земјите од Западен Балкан со ЕУ, Bruegel AISBL (Бругел) преку проектот **„Земјите од Западен Балкан во контекст на стратегијата за проширување на ЕУ“** се фокусираше на два стратешки аспекти кои можат да придонесат за остварување на проектните цели. Проектот е насочен кон рано учество на земјите од Западен Балкан во Европскиот семестар, проценка на придобивките во смисла на подобра координација на политиките на ЕУ кои имаат импликации за Западен Балкан, како што се енергијата, транспортот и емиграцијата, како и подобра интеракција со земјите и институциите на ЕУ за агендата на економската и социјалната политика, помагајќи ги реформите во домашната политика. Беше подготвена Анализа и Споредба на Спогодбите за стабилизација и асоцијација (ССА) и Договорите за слободна трговија (ДЦФТА) со цел да се идентификуваат можните „најдобри практики“ или да се предложи оптимален дизајн на договор што би можел да ја подобри интеграцијата на Западен Балкан во ЕУ, како и да предложи препораки за спроведување конкретни решенија (на пр. повторно преговарање на одредби, измени на договорот, упатства за толкување). Резултатите од овие истраанализи жувања беа споделени со стратешките засегнати страни - Генералниот директорат за соседство и преговори за проширување (DG NEAR) на Европската комисија, Комитетот за надворешни работи на Европскиот парламент, министерствата за надворешни работи на европските земји и земјите од Западен Балкан. Министерствата за европска интеграција (или за надворешни работи), Европската служба за надворешни работи и одделите задолжени за тематски приоритети, како и со пошироката публика преку хибридниот настан Како можат земјите од Западен Балкан да ги искористат можностите од новиот план за раст на ЕУ? на Бругел организиран на 29 ноември во Брисел.

Во 2023 година, во рамки на програмата на ФОО-ЗБ, ФООМ објави Конкурс за доделување грантови со цел да поддржи проекти на граѓанските организации во Република Северна Македонија со три вида грантови: 1) Поддршка за проекти на граѓански организации ангажирани во промоција и поддршка на процесот на интеграција во Европската Унија и регионалната економска соработка; 2) Поддршка за проекти на граѓански организации за прилагодување кон климатските промени насочени кон праведни политики за животна средина и одржлива зелена транзиција во земјата; 3) Поддршка за проекти на граѓански организации кои ги адресираат предизвиците на процесот на дигитална трансформација на општеството.

Во рамки на првиот тип грантови за граѓански организации ангажирани во промоција и поддршка на процесот на интеграција во ЕУ и регионална економска соработка беше поддржан проектот **„EUConnect: Зајакнување на бизнисите за европски успех“,** кој го имплементираше Здружението Новус од Струмица. Целта на проектот е подобрување на деловното опкружување и подобар економски развој на регионот што промовира одржлив економски раст, привлекува инвестиции, го стимулира претприемништвото, ја подобрува продуктивноста и целокупната состојба на бизнис секторот преку ЕУ усогласеност и соработка со субјекти од другата страна на границата. Во рамки на поддршката, 20 жени претприемачки и менаџери учествуваа на Академијата за деловни компетенции за жени претприемачи, менаџери и сопственици на бизниси и беше спроведено Истражување на пазарот и анализа на постоечката бизнис клима во југоисточнио, источниот и вардарскиот регион.

# ПРАВЕДНА ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА

Во 2023 година ФООМ ги продлабочи своите заложби кон праведна зелена транзиција. Надоврзувајќи се на достигнувањата од пилот фазата во Република Северна Македонија (2022), ФООМ реализираше втора фаза на проектот **„Сончеви училишта“.** ФООМ како дел од регионалната иницијатива, по претходно подготвена методологија, избра три општини - Чаир, Штип и Берово - за реализација на донацијата. Шест училишта: ООУ „Јашар беј“, Чаир, Скопје; ООУ „Тефејус“ Чаир, Скопје; СОУ „Коле Нехтенин“, Штип; ООУ „Тошо Арсов“, Штип; СОУ „Јане Сандански“, Штип; и ПОУ „Дедо Иљо Малешевски“, с.Двориште, Берово се дел од овој проект. Целта на проектот е да се трансформираат избраните јавни училишта во климатски отпорни и енергетски неутрални ентитети со инвестирање средства во инсталирање на фотоволтаични централи на нивните покриви. За спроведување на проектот ФООМ потпиша Договори за соработка со градоначалниците на општините преку кои се обврза преку избран економски оператор да инсталира фотоволтаични соларни системи на училишните објекти, а општините се обврзаа да го преземат одржувањето на инсталираните системи и да ги вратат заштедените средства во училиштата каде ќе се искористат за потребите на соодветното училиште. Фотоволтаичните системи со вкупен капацитет до 156.2 kWp беа инсталирани на крововите на овие шест училишта, а ФООМ поддржа и санација на кровот на СОУ „Јане Сандански“ Штип. Годишната заштеда на емисии на јаглерод од овие фотоволтаични системи е 6,247.05 tCo2.

Дополнително, Национален младински совет на Македонија како водечка организација на регионален конзорциумот (во кој членуваат Belgrade Open School, Србија, Bonevet Косово, RESET Center for sustainable energy transition Sarajevo, Босна и Херцеговина) за го спроведува проектот: **„Зелена генерација - ангажирани училишта за климатска акција“ во овие шест училишта.** Проектот има цел да се ангажираат училишните заедници (наставници, персонал, ученици и родители) за да се зголеми нивната свесност за прашања поврзани со животната средина, но и да се изградат нивните капацитети и мотивација за активно учество во процесите и промоција на придобивките од ангажманот во заедницата. Во тек се 3 кампањи за подигање на јавната свесност, за кои содржините се развиени во соработка со учениците и наставниците во целните училишта. 300 ученици и 20 наставници учествуваа на 30 работилници кои беа организирани во рамки на проектот. Фокусот на работилниците е информирање на

студентите преку интерактивни методи за изворите на енергија и нивните ефекти врз животната средина, како и на процесот на создавање сончева енергија.

ФООМ ја продолжи поддршката на Здружение на граѓани ЗИП Институт за политики и добро владение Скопје за организирање на енергетскиот форум во рамки на проектот **„МЕФ 2023: Подобрување на триаголникот политики - финансирање - енергетски технологии за поголема енергетска отпорност и зелена транзиција“**. Целта на проектот беше да придонесе за поразновидна, инклузивна и директна размена на експертиза, практики и планови за европскиот, западно-балканските и македонскиот енергетски сектор и подобрување на триаголникот „политики - финансирање - енергетски технологии“ за поголема енергетска отпорност и зелена транзиција. Шестото издание на енергетскиот форум се одржа на 30 и 31 мај 2023 година во Скопје во соработка со Владата на Република Северна Македонија и Делегацијата на Европската Унија во Скопје. Форумот даде одговори на бројни прашања меѓу кои: Кои политички алатки функционираат и не функционираат за енергетска отпорност и енергетска транзиција? Кои алатки за креирање политики за ефикасно справување со енергетските предизвици (на пр., зелено оданочување, стимулации, CBAM) ни недостасуваат? Како да се планираат политиките и да се собираат податоци? Како земјите од Западен Балкан можат да го демократизираат производството на енергија?.

ФООМ, како дел од ФОО-ЗБ спроведе активности во рамки на **проектот „Кон одржлив екосистем за дистрибуирано производство и управување со зелена енергија во Западен Балкан“** во рамки на кој беше изготвена регионална студија за политиките во енергетскиот сектор во земјите од Западен Балкан и анализа за техничките аспекти на енергетскиот сектор во земјите од Западен Балкан. Фокусот на проектот беше на формирање на три функционални регионални експертски тимови во согласност со главните компоненти на проектот, развивање внатрешно разбирање за празнините и изборите во стратешките политики кои би ја олесниле правичната енергетска транзиција и силната регионална интеграција и развивање реални политички и технички препораки кои би ги зајакнале напорите за застапување на ФОО-ЗБ во текот на следниот стратешки циклус.

Во рамки на овој приоритет, а поврзано со Конкурсот за доделување грантови, ФООМ поддржа проекти на 4 граѓански организации за прилагодување кон климатските

промени насочени кон праведни политики за животна средина и одржлива зелена транзиција во земјата.

Невладината организација за волонтерски активизам - НОВА ЦИВИСТА го спроведува проектот: **„Сееме семе на промени- жнееме надеж за поздрава животна средина“** чија цел е да се залага за поголема примена на политиките и практиките на праведна зелена транзиција во државата. Проектот го поддржува спроведувањето на Зелената агенда на Западен Балкан, преку адресирање на прашањето на климатските промени и негативните влијанија врз истата заради лоши практики, загрозувањето на биолошкиот диверзитет, како и злоупотребата и намалувањето на зелените површини и чистата вода. Фокусот на проектот е на подигање на свеста, промовирање на одржливи и добри практики и ангажирање на засегнатите страни да поттикнат позитивни промени, особено кај младата популација. Во рамки на проектот беше спроведено истражување кое обезбеди увид во фактичката состојба на примена на лоши и добри практики како и познавање на политиките од „Зелената агенда“. На тридневната обука присуствуваа 30 ученици кои беа дел и од дводневната практична обука во две винарии. Исто така, беше организиран форум со ученици и наставници на кој се разговараше за декарбонизација, циркуларна економија, намалување на загадувањето на почвата, водата и воздухот, производство на здрава храна и заштита на биодиверзитетот.

Иницијативата за Економски Развој на Ромите - РЕДИ Скопје спроведе активности во рамки на проектот: **„Градиме ЕКО навики“**. Проектот е насочен кон почиста животна средина преку активности и промоција на важноста на циркуларната економија и системот за примарна селекција на отпад. Во рамки на проектот беа идентификувани 20 зелени амбасадори и беше формирана неформална мрежа. Зелените амбасадори учествуваа на обука со цел градење на нивните капацитети во областа. Воедно беа организирани три работилници, во Кисела Вода, Карош и Аеродром на кои учесниците се запознаа со видовите отпад, избегнување, минимизирање и рециклирање на отпадот, како и правилна селекција. 153 ученици од две основни училишта беа дел од две инфо сесии за видовите отпад и негова селекција.

ФООМ го поддржа и проектот **„Заедно за зелена транзиција против климатските промени“** кој го спроведува Здружението Центар за одржлив развој на заедницата Дебар. Проектните активности се насочени кон ублажување на причините за

климатските промени, поттикнување на зелената транзиција и прилагодување на предвидените предизвици преку донесување политики на локално ниво и ангажман на граѓаните.

Фондацијата ИДЕА Југоисточна Европа спроведе дел од активностите од проектот: **„Праведна зелена транзиција - Пркос за безгласните“** со цел намалување на социјалните и економските последици од зелената транзиција на заедниците кои живеат во економски ризик, сиромашните и лицата од рурални средини. Во рамки на проектот беа реализирани консултативни средби со граѓански организации и мрежи релевантни за темата, по што се изработени сценарија за видеа и тимот изврши теренски снимања за идентификуваните теми.

# ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

ФООМ во 2023 година работеше на овозможување на дигиталната трансформација преку континуиран пристап до веродостојни информации, отворени податоци и дигитални сервиси.
Во рамки на овој приоритет беа поддржани четири проекти на граѓански организации кои ги адресираат предизвиците на процесот на дигитална трансформација на општеството.

Проектот **„Think b4 you click - Размисли пред да кликнеш"** го спроведува Здружението за активизам, едукација, култура и уметност Граѓански Центар АктивУм, а е насочен кон намалување и подобро справување со сајбер булингот во општина Куманово, преку зголемување на дигиталната писменост меѓу учениците на возраст од 11 до 15 години и наставниците во основното училиште „Крсте Мисирков" во Куманово. Во рамки на проектот беа организирани четири дводневни работилници со 50 наставници од училиштето. Ито така реализирани се 20 обуки за ученици на кои е опфатена темата за сајбер булинг, превенција и заштита, како и 100 врснички едукативни сесии. Во сандаче за анонимно пријавување сајбер булинг, учениците се охрабрени да ги пријавуваат ситуациите во кои се нашле, но и да поставaт прашања и да предложат теми за следни работилници.

Здружението за промоција и развој на инклузивно општество Инклузива Куманово го спроведе **„Проектот за инклузија во пристапот до јавни информации за лицата со попреченост"** со цел примена на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рамки на локалните самоуправи на инклузивен начин, достапен за лицата со попреченост и зголемување на капацитетите кај сите чинители за важноста од практикувањето и остварувањето на ова уставно загарантирано право преку едукација и информирање за придобивките од инклузивна проактивна транспарентност. Во рамки на проектот беше спроведено истражување и анализа на пристапноста на веб-страниците на општините. Лица со различен вид на попреченост преку употреба на сертифицирани W3C алатки го оценуваа степенот на пристапност на веб страниците и согласно добиените резултати подготвен беше Извештај. На дводневна обука за работа и комуникација со лица со попреченост присуствуваа 15 вработени од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

ФООМ го поддржа Здружението на граѓани за поддршка на меѓуетнички дијалог и развој на заедницата „Заеднички вредности“ за спроведување на активностите од проектот **„Премостување на дигиталниот јаз: подобрување на животот на жените во руралните средини“** кои имаат за цел да се подобрат условите на животот на жените во руралните средини преку пристапот, употребата и примената на дигиталните технологии и вештини. Во рамки на проектот потпишани се 14 Меморандуми за соработка со општините со цел непречена реализација на проектните активности.

Здружението за истражување на политики Аналитика Скопје во 2023 година спроведе активности од проектот **„Развој на култура на сајбер безбедност во образовниот систем на Северна Македонија - Зајакнување на капацитетот на младите луѓе и наставниците за примена на мерки за сајбер безбедност и развој на ефективни училишни програми за спречување на сајбер-насилство“.** 313 ученици од три средни училишта во Град Скопје беа вклучени во истражувањето со цел идентификување на знаењата кај младите за предизвиците на процесот на дигитална трансформација, како и примена на мерките за безбедно користење на сајбер просторот. Врз основа на добиените наоди подготвена е Анализа на одговорите со препораки за подобрување на состојбата со сајбер безбедност (Прирачник). Во рамки на проектот беа одржани две обуки, првата за наставници и претставници на ГОи, додека втората обука беше наменета за врснички едукатори. Со цел подигнување на свесноста кај младите луѓе за користење на сајбер просторот и нивна заштита беа објавени 6 инфографици кои на јасен и едноставен начин со примена на знаци, слики и мапи ги адресираат потребните информации за сајбер безбедност до младите, но и до пошироката јавност.

# ПРИСТАП ДО ПРАВДА ЗА НАЈМАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ

Проектот Пристап до правда за најмаргинализираните продолжи да се спроведува во 2022 и 2023 година при што беа обезбедени 3.188 правни и 3.063 параправни услуги на лица од маргинализираните заедници. Најчесто, граѓаните имаа потреба од правна помош  поврзано со социјална заштита, здравствено осигурување, домување, лични документи, права од земјоделска дејност, семејни односи, дискриминација, семејно насилство итн. Услугите беа обезбедени од страна на правници и праправници користејќи различни алатки меѓу кои: теренски посети, телефон, онлајн платформи и советување во канцелариите на здруженијата. Мобилната канцеларија за параправна помош која беше формирана во изминатата година продолжи со обезбедување на правни и параправни услуги за граѓаните од руралните средини на кои поради оддалеченоста од градот и непостоењето на јавен превоз им е ограничен пристапот до услуги од страна на институциите.

Во рамки на проектот беше извршено мапирање за опфатот на вакцинирани лица против Ковид-19 меѓу сексуалните работници, луѓето кои употребуваат дроги, Ромите и луѓето кои живеат во рурални средини. Истражувањето покажа дека поголем дел од луѓето од овие маргинализирани заедници се веќе вакцинирани, а доколку не се вакцинирале тоа е најчесто поради генерално прифатените митови за последиците од вакцината. Врз основа на добиените резултати беа подготвени и објавен три видеа кои имаа цел информирање на генералната јавност за резултатите од истражувањето.

Подготвени беа шест аудио подкасти на теми релевантни за сексуалните работници. Параправниците кои работат со лица кои употребуваат дроги се мобилизирани за акција на заедницата на Д-Фестивал. Во рамките на настанот беа достапни информативни материјали за намалување на штети поврзани со употреба на дроги, насилство (вклучително и родово) меѓу лицата кои употребуваат дроги, како и материјали за промотивни проекти.

Беше организирана обука за обучувачи за параправници со цел зајакнување на нивните капацитети и надградба на постојното знаење. Како производ на оваа обука, обучените параправници одржаа 31 каскадна едукативна работилница со лица кои употребуваат дроги, сексуални работници и нивните семејства на теми родово базирано насилство,

декриминализација на дрогата и декриминализација на сексуалната работа. На каскадните работилници учествуваа вкупно 54 лица од маргинализираните заедници.

Дополнително, беа организирани две обуки за правници, параправници и бранители на човекови права. . Првата обука имаше цел зајакнување на вештините и знаењата на учесниците при мобилизација на заедницата со цел самите да препознаат прекршување на човековите права и да знаат каде да се обратат кога истите се прекршени. На втората обука присуствуваа 14 учесници од 6 граѓански организации кои обезбедуваат правна и параправна помош за ранливи групи граѓани. Целта на обуката беше учесниците да се запознаат со концептот на креативен активизам и како преку креативни акции може да се предизвикаат промени во општеството. Од оваа обука произлегоа четири креативни акции, кои беа спроведени во рамки на проектот. Постоечките параправници кои работат со Роми и луѓе од руралните области присуствуваа на обука со цел да го прошират своето знаење и да стекнат нови вештини.

Воедно, беа организирани две обуки за 98 претставници на Министерството за правда (МП), Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи како институции на национално ниво и вработени во Подрачните канцеларии на МП и Центрите за социјална работа како институции на локално ниво.

Во рамките на работата на партнерските организации, идентификувани се 95 поединечни случаи на прекршување на човековите права и подготвен е одговор до надлежните институции. Како дел од редовната правна и параправна помош, проектниот тим идентификуваше и случаи каде што беа откриени тешки прекршувања на човековите права, при што беа поднесени 17 барања до надлежните институции со кои се бара преземање итни мерки за остварување на правата на граѓаните. За четири од овие случаи беше иницирана судска постапка.

ФООМ, заедно со партнерите на проектот, активно учествува во имплементацијата на петтиот Национален акционен план за отворено владино партнерство поврзан со приоритетната област Пристап до правда, во рамките на заложбата Правно зајакнување на граѓаните преку достапни информации и отворени институции. Во сеопфатен и транспарентен процес, беа остварени средби со претставници на Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, две фокус групи со претставници на невладини организации, како и две фокус групи со претставници на Центрите за социјални работи и регионалните сектори на Министерството за правда. Дополнително, беше организирана работилница за изработка на Националниот план со 20 учесници од релевантните чинители.

Како резултат на застапувањето во рамки на проектот, министерот за здравство во октомври донесе Решение за формирање Комисија за изготвување Протокол за третман на зависност од дрога на лица помлади од 15 години, во која ќе учествуваат претставници на ХОПС е член.

На веб-страницата www.pravnozajakni.mk, освен редовни содржини, се објавуваат и случаи на најчесто прекршени права со совети и насоки како да се постапи доколку некој од граѓаните се најде во ваква ситуација.